Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) во врска со објавениот интерен оглас бр.05/2022 година, Директорот на Биро за јавни набавки донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас бр.05/2022

1. За извршител на работното место УПР 0101Б03000-Помошник раководител на сектор за правни и административни работи, Сектор за правни и административни работи, се избира кандидатот **Рудина Каја.**
2. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.
3. Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Бирото за јавни набавки-Министерство за финансии на ден 27.12.2022 година на веб страната на Бирото за јавни набавки и Агенцијата за администрација објави Интерен оглас бр.05/2022 за унапредување на административен службеник на работно место УПР 0101Б03000-Помошник раководител на сектор за правни и административни работи
-1 извршител.

Со Решение бр.04-30/2 од 11.01.2023 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување која ја спроведе постапката по објавениот интерен оглас. Комисијата за селекција за унапредување спроведе административна селекција за интерениот оглас (Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 04-30/3 од 16.01.2023 год.) и интервју (Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-30/4 од 17.01.2023 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција за унапредување подготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и достави предлог листа до директорот на Бирото за јавни набавки за избор на кандидат односно донесување Одлука за избор.

Директорот по разгледување на предлог листата за избор на кандидати, врз основа на законските прописи, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата.

**Бр.** 04-30/5
**од** 20.01 **2023 год.**
**Скопје**

**Биро за јавни набавки**
**Директор**
**Борче Хаџиев**

**Доставено до:**
-кандидатот
-одд.за управување со чов.ресурси
-архива